# „Избегнувајте ги седумте гревови кои предизвикуваат пропаст

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Избегнувајте ги седумте гревови кои предизвикуваат пропаст.“ Прашале: „Кои се тие, о, Божји пратенику?“ Тој одговорил: „Многубоштвото (ширкот), магијата (сихрот), неправедното убиство, каматата, бесправното користење на имотот на сиракот, дезертирањето од бојното поле и клеветењето на чесните и чедните вернички.“

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му наредил на својот умет (заедница на верници) да се оддалечи од седумте упропастувачки гревови и злодела. Кога беше прашан за истите, тој ги објаснил: 1. Многубоштвото (ширкот) - да се смета некој за еднаков или истоветен со Аллах и да се извршува било каков вид на обожување кон некој друг освен кон Аллах. Овој грев го спомнува како прв бидејќи е најголемиот грев. 2. Магијата (сихрот) - која се состои од врзување чворови, нејасни учења и изговарање одредени неразбирливи зборови и дување, така што негативно влијае врз телото на омаѓосаниот, предизвикувајќи смрт, болест, или разделување помеѓу сопружниците. Ова е шејтанско дело и многу од него не може да се постигне освен преку многубоштвото и приближувањето кон злите духови со нешто што тие го сакаат. 3. Неправедното убиство кое Аллах го забранил, освен со законска причина која има право да ја спроведе само владетелот. 4. Земањето камата - било преку јадење или на друг начин на користење. 5. Узурпирање на имотот на сиракот чиј татко умрел додека тој сè уште не бил полнолетен. 6. Дезертирањето од бојното поле при битка со неверниците. 7. Клеветењето на чесните и чедните вернички за прељуба, вклучувајќи го и клеветењето на мажите.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee